Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ЗЕЛЕН договор
ЗАТОА ШТО НЕМАМЕ РЕЗЕРВНА ПЛАНЕТА

МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ
#ЗА ПОЗЕЛЕНИ ОПШТИНИ

2024

# ПОЛИСИ БРИФ

## Препораки и предлог решенија за заштита на животната средина

Општина Босилово

МЗМП

CENTER FOR CLIMATE CHANGE – ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

GoGreen

creACTive

НОВУС

**Електронско издание:**

Препораки и предлог решенија за заштита на животната средина во рамки на проектот “Одржлива синергија за зајакнување на колективното еко влијание”

**Автор и издавач:**

Центар за истражување и анализи НОВУС - Струмица

**Дата и место на издавање:**

Мај, 2024 година, Струмица

Оваа анализа е дел од програмата за подгрантирање во рамки на проектот „Младински активизам за позелени општини“. Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија“. Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка на Европската Унија.

Содржината на публикацијата е целосна одговорност на авторот и на Здружението Центар за истражување и анализи НОВУС и не треба на било кој начин да се смета за одраз на официјалниот став на Европската Унија.

# Вовед:

Во овој документ се разгледува справувањето со еколошките предизвици, зелените политики и трудот за поттикнување на колективната одговорност за позелена иднина, со цел давање на јасни и концизни препораки за одржливи практики и еколошки политики.

Целта на овие препораки се да доведат до зголемена свест и разбирање за постоечките зелени политики и програми, идентификување на приоритетните еколошки проблеми, зголемена ангажираност на властите за заштита на животната средина, зголемена ангажираност на заедницата за колективна заштита на животната средина, зголемена вклученост на населението во креирање на локални политики за заштита на животната средина и зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за застапување пред локалните власти за еко- проблемите.

Под зелена политика се подразбира политика поврзана со природата и сите живи организми, со цел на нејзина конзервација и заштита, како и создавање на еколошко одржливо општество.

# Позадина и контекст за еко проблеми и заштита на животната средина во општина Босилово

Центарот за истражување и анализи НОВУС во рамки на проектот Одржлива синергија за колективно еко влијание", проект имплементиран во рамки на прог рамата за подгрантирање на проектот „Младински активизам за позелени општи н и´´ финансиски поддржан од Европската Унијаспроведе истражување за јавното мислење на генералната популација од општина Босилово за идентификација на еколошките проблеми со кои оваа општина се соочува.

Истражувањето беше спроведено во декември 2023 г., преку анкетирање на испитаници над 18 годишна возраст, преку анкета со отворени, полуотворени и затворени прашања, спроведена анонимно, на македонски јазик. Анкетата беше поставена во електронска форма на социјалните медиуми и на веб страната на ЦИА НОВУС а исто така беше спроведена и во физичка форма преку теренски истражувачи. За цел подлабоко истражување, беше направено и квалитативно истражување преку спроведување на две фокус групи директен мониторинг на политиките и документите на општината, како и интервју со општина Босилово во делот на политики и програми кои ги има спроведено или ќе ги спроведе за решавање на предизвиците со кои се соочуваат во однос на животната средина.

Од спроведеното истражување на територија на Општина Босилово, се утврдува дека голем дел од испитаниците се свесни за еколошките предизвици со кои се соочува нивната општина. Генералниот заклучок од анкетата за општина Босилово, е дека висок дел од испитаниците од таргетираната општина се многу свесни (44%) или свесни (25%) за еколошките предизвици во нивната општина, додека како најголем проблем (84,4%) за општина Босилово беше издвоен загадувањето на воздухот, по кој следува загадувањето на водите (62,5%), од наведените 5 проблеми - губење на зелени површини и шумски области, загадување на почва, недостаток на рециклирање, загадување на вода, загадување на воздух.

Како најголеми еколошки проблем на територија на општина Босилово се идентификува дека станува збор за аерозагадуваањето, по што следеше и истакнување на проблемот со загадувањето на водите.

Врз основа на спроведеното истражување , се утврдува дека во Општина Босилово нема донесено ЛЕАП кој се однесува за од таа до таа година.

ЛЕАП претставува плански документ за заштита и унапредување на животната средина на ниво на општина , каде се идентификуваат и приоритизираат еколошките проблеми во општината и се дефинираат соодветни мерки и акции кои што треба да се спроведат со цел да се овозможи нивно решавање, со што би се постигинала интегрирана заштита на животната средина и одржлив развој на општините.

На ова се додава и резултатот дека 81,3% од испитаниците не се вклучени ниту запознаени со Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП 2024-2029), 75% не се запознаени со финансиските импликации кои се издвојуваат за заштита на животната средина, додека 40,6% не се сигурни и 37,5% не ја знаат нивната улога во одлучувањето и имплементацијата на зелените политики во општина Босилово. Со овие резултати се поврзуваат и предлозите дадени од испитаниците за подобрување на еколошката состојба во нивното место на живеење.

Двете спроведени фокус групи, иако составени од различни учесници (првата повеќе од организации кои се фокусираат на еколошкиот проблем, додека втората од граѓани кои се исто така засегнати од овој проблем), исто така, го истакнуваат аерозагадувањето како примарен еколошки проблем, заклучок кој се потврдува и од анкетното истражување, но и од испитаниците на фокус групите.

Разликата на двете фокус групи е степенот на информираност помеѓу учесниците кои присуствуваа, со тоа што учесниците од организациите посветени на заштита на животната средина се далеку поинформирани за еко проблемите, за мерките и за можностите за нивно решавање, отколку граѓаните кои иако не се доволни информирани околку начинот на заштитата на животната

средина , сепак се доволно свесни и изразуваат интерес за решавање на идентификуваните еколошки проблеми на територија на општината Босилово.Она во што се слични двете групи е нивното повикување за зајакнати инспекторски надзори и подигнување на граѓанската одговорност за анонимно пријавување на несовесни граѓани преку веб страна или социјални медиуми, со цел поголема транспарентност и јавна свест за загадувањето на животната околина.

Преку спроведување на директен мониторинг на политиките, проектите и документите на локално нивоно и  спроведените интервјуа со засегнати страни во општина Босилово, заклучокот е дека, иако немаат посебен сектор за животна средина, општината успешно реализира активности за справување со еко проблемите во општина Босилово, со посебен фокус на Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП 2024-2029) на општината.

## Препораки за мерки и предлог решенија

- Поради се поголемата итност за побрзо и подрастично справување на еко проблемите, потребно е да се формира посебен сектор кој ќе биде одговорен за оваа проблематика. Потребно е јакнење на капацитетите на службениците во општината кои работат на спроведување на активностите и проектите од сферата на зелени политики, со цел да поефикасно и поквалитетно пишување, лобирање, имплементација, дисеминација и промоција на истите.
- Поради раширеноста и големината на еко проблемите во општина Босилово, потребно е да постои посебен дел на официјалната веб страна кој ќе биде исклучиво посветен само на оваа проблематика. Со цел за полесна достапност и транспарентност на информациите, проектите, соопштенијата, новостите, како и настаните поврзани со животната средина, истите треба да бидат складирани на едно место на официјалната веб страна на општината и редовно да бидат ажурирани.
- Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП-2024-2029) на општина Босилово треба да биде истакнат на јасно, видливо место на веб страната, социјалните медиуми, и на огласни табли во општина Босилово. Истиот треба да биде и поделен на помали делови, јасно разбирливи за сите граѓани на општина Босилово.
- Со цел поголем број на граѓани да се запознаат подобро, не само со информациите на оваа тематика, туку и за местата од каде можат да добиваат информации и во иднина, треба да се врши почеста и разновидна промоција.
- Потребно е поставување на мониторинг станица за квалитетот на воздухот, за чие поставување граѓаните ќе бидат известени, а информациите добиени да бидат јавно достапни. Во случаи на загаденост на воздухот над дозволениот степен, треба да бидат испраќани аларми

кон граѓаните со совети за намалување на движењето надвор, или да бидат објавувани соопштенија, како на огласната табла, така и во одделот соопштенија на официјалната веб старана и социјалните медиуми на општината.

- Со цел да дојде до намалување на загаденоста на водите, потребно е да се исчистат речните корита на реките Струмица и Турија, како и да се зголеми инспекцијата и надзорот над местата на кои има често загадување.

- Од врвна важност е градењето на канализационен систем и прочистителна станица во општина Босилово, со цел на почиста вода, но и почиста почва.

- Треба да се спроведуваат чести едукативни средби со граѓаните со цел подигање на свеста за заштита на животната средина, за придобивките од нејзино заштитување и од спроведување на проектите поврзани со справување со еко проблемите. Од посебна важност е да постојат и едукативни средби водени од страна на млади лица кои би ги едуцирале своите врсници со цел полесно и подобро прифаќање на дадената едукација.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


- Анализа на анкетно истражување за состојбата на животна средина
- Извештај, транскрипта и анализа на фокус група 1 и 2
- Извештај мониторинг
- ПРЕДЛОГ- ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (ЛЕАП 2) ЗА ОПШТИНА БОСИЛОВО 2024-2029 година
- Договор за соработка и постапување со отпад од пакување
- Регионален план за управување со отпад
- Програма за заштита на штетно дејство на водите на подрачјето на општина Босилово
- Стратегија за локален економски развој
- Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за 2023 година
- https://opstinabosilovo.gov.mk/

Центар за истражување и анализи НОВУС – Струмица

Ул. Васил Сурчев бр.56, Струмица

Е-пошта: contact@associationnovus.org

Веб адреса: https://associationnovus.org